

ОПШТИНА ВЕЛЕС

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

ВИСТИНСКИОТ

# ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

ОПШТИНА
ВЕЛЕС



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сѐ што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нѐ враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек“. Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.

За Твоето место.

За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,

Христијан Мицкоски



Велес е мојот град!
Велес е градот што го сакам!

Со гордост и благодарност гледам назад на изминатите четири години, кои ги поминавме заедно и покажавме дека кога се работи чесно и посветено, и покрај предизвиците и глобалните кризи, можеме да создадеме град во кој сите сакаме да живееме.

Во текот на првиот мандат го поставивме темелот: ја подобривме инфраструктурата, ги решивме долгогодишните проблеми со капитални проекти, унапредивме услуги за граѓаните, создадовме квалитетни услови за образование, ги поддржавме спортот и културата, го разубавивме градот и се грижевме за најмалите, младите и ранливите. Вашите потреби ги слушавме и секогаш се трудевме да ги реализираме во согласност со можностите на Општината.

Сега е време за нов чекор напред. Во вториот мандат ќе продолжиме со истата посветеност, но со уште поголем мотив и енергија за градење заедница која почива на вистински вредности и која не ги заборава корените од Рацин, Прличко, Гемиџиите и сите знајни и незнајни имиња кои се втемелиле во создавањето на нашиот Велес. Ќе работиме на проекти од капитално значење за Општината, ќе ја зајакнеме инфраструктурата, ќе создадеме уште повеќе можности за младите и за претприемништвото, ќе ја унапредиме грижата за ранливите категории, ќе продолжиме да го разубавуваме градот и да создадеме современи услови за образование и спорт, а, секако, ќе продолжиме да го негуваме епитетот на Велес, „град на културата".

Овој втор мандат е привилегија, но во исто време и одговорност. Овој втор мандат е можност за реализација на нови идеи и проекти, но и за зацврстување на она што го започнавме заедно. Велес заслужува континуитет, посветена работа и конкретни резултати кои го подобруваат секојдневието на сите граѓани и кои го прават дом за сите нас.

Тука стигнавме заедно со вас, со ваша поддршка на претстојните локални избори, така и ќе продолжиме.

Посветено, за уште поубав Велес!

Со почит,
Марко Колев

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Даниел Јаневски - носител на листа
2. д-р Лилија Чолакова Дервишова
3. Весна Атанасовска
4. Нада Јованова
5. д-р Жарко Манасков
6. Елизабета Митревска
7. Александар Илиевски
8. Маја Демерџиева
9. Изабела Апцева
10. Игор Стојанов
11. Селма Амедоска
12. Слободан Ников
13. Ивона Јовиќ
14. Мартина Стаменкова
15. Васко Гетов
16. Благојка Наунова
17. Филип Арилон
18. Ленче Панова
19. Александар Чадиев
20. Ристе Хаџиев
21. Паулина Ставрева
22. Катерина Ставревска
23. Игор Здравков



# ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ

## Изградба на мост кај Башино Село

Регионалниот пат Р1312 кој ги поврзува автопатот А1, регионален пат Р1102 со Башино Село, а воедно е единствено поврзување на товарниот сообраќај со индустриските зони и со регионалниот пат Р1303 е од суштинско значење за Општина Велес. Од овие причини, неопходна е изградба на нов мост кај Башино Село во близина на постојниот, кој ќе биде трајно решение за целата општина.

**Извор на финансирање:** ЈП за државни патишта

**Рок на реализација:** 2025 – 2027 година

## Обиколница на Велес, дел од регионален пат Р 1312

Со цел пренасочување на сообраќајот на делницата од Башино Село кон индустриските зони и соседната Општина Чашка каде што транзитираат и голем број товарни возила, Општина Велес во соработка со ЈП за државни патишта ќе изготви проектна документација и ќе изгради обиколница, која ќе биде од клучно значење за намалување на оптовареноста на сообраќајот во градот. Обиколницата ќе има неколку патни поврзувања со кои ќе се овозможи пристап за граѓаните и индустриските капацитети.

**Извор на финансирање:** ЈП за државни патишта

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Завршување на изградбата на катна гаража и плоштад во централното градско подрачје

За целосна функционалност на централното градско подрачје и постигнување реални позитивни ефекти во намалувањето на сообраќајниот метеж и зголемувањето на урбаната мобилност со акцент на пешаците ќе заврши изградбата на подземната катна гаража на три нивоа, со капацитет за 100 возила. На горниот дел на постојниот паркинг и плоштад ќе биде уреден нов, модерен плоштад со урбана опрема и зелени оази како простор за одмор и рекреација.

**Извор на финансирање:** Министерство за транспорт, Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2026 година

## Фазно воведување на платен паркинг

По завршувањето на изградбата на подземната катна гаража во централното градско подрачје ќе се воведе платен паркинг. Со создавање услови ќе се проширува опфатот, а целосните зони ќе бидат ставени во функција по изградбата на обиколницата и промена на категоризацијата на улиците.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Еколошка обнова и заштита на езерото Младост

Езерото Младост е синото срце на Велес за кое е неопходна ревитализација со имплементација на неколку клучни фази во соработка со ЈПВ Лисиче и ресорно министерство: чистење на Отовичка Река, нови бушотини за дотур на свежа вода и довршување на цевководот за поврзување на езерата Лисиче и Младост. Со овие чекори ќе се обнови квалитетот на водата и ќе се придонесе за понатамошна заштита и одржливост.

**Извор на финансирање:** Влада на Република Македонија, Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Изградба на парк-шума во населба Керамидна

Со затворањето на депонијата за градежен шут на ЈКП Дервен во населба Керамидна, оваа градска околина ќе добие целосно нов лик и екофункционалност со изградба на парк-шума која ќе биде вистинска оаза за одмор и рекреација на сите граѓани.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2027 година

## Реконструкција на Градскиот парк во Велес

Градскиот парк во Велес претставува централна зелена точка во градот каде што граѓаните го минуваат своето слободно време во спорт, забава и рекреација. За таа цел, со изготвениот проект е предвидено реконструкција на патеките за приспособување кон потребите на сите корисници, изградба на тартан-патека за рекреативци, поставување клупи и летниковци и креирање спортски и забавни целини за сите посетители.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2026 година

## Отворање на Дом на културата во Велес

Велес отсекогаш бил познат како град што ја негува културата и од кој потекнуваат многу културни дејци што оставиле белег. Изминатите години се возобновија и почнаа многу манифестации и настани во организација на општината и граѓанските здруженија што ја наметнаа потребата за отворање модерен и функционален Дом на културата. За таа цел, во постапка е јавен повик за изготвување проект и идејно решение за реконструкција и пренамена на просториите на старото кино и деловните простории, а во следните години ќе се заложиме за реализација и почнување со работа на овој дом како придобивка за сите.

**Извор на финансирање:** Министерство за култура и туризам, Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2028 година

## Реконструкција на противпожарниот дом на ТППЕ Велес

Ефикасното, ефективно и навремено извршување на работните задачи на пожарникарите во голема мера зависи од условите и од опремата со која располагаат, поради што ќе се изврши целосна реконструкција на противпожарниот дом, на помошниот објект и на партерот со цел обезбедување поголема функционалност и подготвеност.

**Извор на финансирање:** Министерство за транспорт, Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2026 година

## Нови простории на управните служби на Министерството за внатрешни работи во Велес

По многу години поминати во несоодветни услови, Министерството за внатрешни работи во соработка со Општина Велес обезбеди нови простории за управните служби во близина на железничката станица. Со нивното преселување, значително ќе се подобрат условите за работа на вработените во управните служби на Министерството за внатрешни работи во Велес и за граѓаните кои ги користат нивните услуги.

**Извор на финансирање:** Министерство за внатрешни работи, Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2026 година



# А. МОДЕРНА ОПШТИНСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Основна задача на локалната самоуправа е грижата за рамномерен урбан развој во сите населени места. При реализацијата на овие проекти ќе се води сметка да не се наруши туку да се унапреди животната средина, а ќе се обезбеди и уредување на просторот.

## Раскрсница „Костурница“ – вкрстување на крак од клучката од автопатот А1 и регионалниот пат Р1312

Поради невообичаениот сообраќаен приклучок од левата страна и непрегледноста на приклучокот од десната страна, оваа раскрсница е небезбедна, поради што во соработка со ЈП за државни патишта ќе се изготви проектна документација и ќе се изведе кружен тек со кој освен што ќе се редуцираат небезбедните точки, дополнително ќе се даде врска и кон населбата Трпезица која е во интензивен развој.

**Извор на финансирање:** ЈП за државни патишта, Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Раскрсница Башино Село – вкрстување на Р1102 и Р1312

Оваа раскрсница каде што се вкрстуваат сегашниот Р1102, улица „Вардарска“, крак од автопатот Скопје – Велес и крак од автопатот Велес -Гевгелија во сегашната состојба е небезбедна за сите учесници во сообраќајот, поради што во соработка со ЈП за државни патишта ќе се изготви проектна документација и ќе се изведе таканаречен елипсовиден кружен тек со две сообраќајни ленти и со соодветни поместувања на патот, со што ќе се избегне конфузното пресекување и ќе се зголеми безбедноста на сите учесници во сообраќајот.

**Извор на финансирање:** ЈП за државни патишта, Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Изградба на пристапна инфраструктура до обиколницата на Велес, дел од регионалниот пат Р 1312

Со изградбата на обиколницата на Велес, неопходна е и изградба на неколку патни поврзувања со кои ќе се овозможи пристап за граѓаните и индустриските капацитети. Со предложеното идејно решение е предвидено оформување на 6 раскрсници, кои со изготвување на проектна документација ќе се развиваат и ќе се изведуваат етапно.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Носење на Генерален урбанистички план за Велес

Еден од приоритетите ќе остане носењето на Генерален урбанистички план за Велес, кој ќе предвиди нови ДУП-ови, со цел решавање на потребите на велешани и на стопанството. Целите на урбанистичкото планирање ќе се остварат преку начелата за интегрален пристап во планирањето, остварување на јавниот и заштита на приватниот интерес, транспарентност, инклузивност и соучество во постапката, хоризонтална и вертикална усогласеност и координација, како и уважување на научно и стручно утврдените факти и стандарди.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Изградба на паркинг на местото на стариот театар

Потребата од нови паркинг-места е високо на списокот на приоритети на Општината. За таа цел, веќе е избрана фирма изведувач за изградба на нов паркинг на левата страна на градот, на местото на стариот театар, што со својата местоположба ќе придонесе за дополнително намалување на метежот не само во овој дел од градот, туку и во централното градско подрачје.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2026 година

## Изградба на паркинг на плочата на улица „11 Октомври“

Нов паркинг-простор ќе се изгради и во горниот дел од градот, на плочата на улица „11 Октомври“, во близина на горното пазарче. Со овие паркинг-места ќе се олесни функционирањето на жителите од околните згради, како и на сите трговци и посетители.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2027 година

## Нова пристапна улица за поврзување на комплексот згради „Вел сити“ со комплексот згради „Атлантис“

Со ширењето на градот во овој дел се наметна потребата од инфраструктурно поврзување, поради што ќе се изгради нова пристапна улица од комплексот згради „Вел сити“ до комплексот згради „Атлантис“, со која значително ќе се олесни транзитирањето и ќе се намали досегашниот сообраќаен метеж.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Нова пристапна улица кон новата социјална зграда

Со изградбата на новата социјална зграда, неопходно е и обезбедување услови за непречено функционирање на тамошните станари. Од оваа причина, предвидено е да се изгради нова улица, која ќе се исклучува и повторно ќе се приклучува на „Раштански пат“.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Изградба на пешачка патека од Стар мост до вливот на реката Тополка

Еден од долгогодишните проблеми на велешани е немањето безбедна патека за движење на пешаците кон Долни дуќани. Со соодветни градежни зафати и отстранување на бетонските столбови ќе се изгради пешачка патека покрај сообраќајницата, со што ќе се создадат услови за безбедно движење на сите пешаци.

**Извор на финансирање:** ЈП за државни патишта, Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2027 година

## Изградба на пешачка патека во населба Речани

Во последните години населба Речани е со интензивен развој и прерасна во населба за домување, што ја наметна потребата од обезбедување соодветни услови за движење на сите учесници во сообраќајот. Од таа причина, ќе изготвиме проект за изведба на пешачка патека на улица „Академик Пенчо Давчев“, со чија реализација ќе се обезбеди можност за безбедно движење на пешаците.

**Извор на финансирање:** ЈП за државни патишта, Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2027 година

## Реконструкција на патот од с. Отовица до с. Сојаклари

Руралниот развој е неопходен за развој на Општината во целост. Во таа смисла е и реконструкцијата на патниот правец од село Отовица до село Сојаклари, за што веќе е избрана фирмата изведувач на градежните работи.

**Извор на финансирање:** Министерство за транспорт, Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2026 година

## Реконструкција на патот од с. Чалошево до с. Дорутовец

Во делот на инвестициите во руралните делови, избрана е фирма изведувач и за реконструкција на патот што ги поврзува селата Чалошево и Дорутовец, со што значително ќе се олесни секојдневното функционирање на жителите од овие делови од Општината.

**Извор на финансирање:** Министерство за транспорт, Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2026 година

## Изградба на плоштад „Варналиите“

Едно од најстарите маала во Велес ќе добие нов, модерно уреден плоштад кој жителите и сите посетители ќе можат да го користат како катче за дружење, одмор и релаксација.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2027 година

## Уредување на просторот кај бараките на мостот „Гемиџии“

Со отстранување на старите и дотраени бараки на мостот „Гемиџии“, ќе се отвори простор за креирање на ново катче. Со партерно уредување и збогатување со урбана опрема, овој дел од градот ќе добие целосно нов лик и намена.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2027 година

## Партерно уредување на јавните површини околу станбените згради

За да се добие модерен лик и зголемена функционалност, ќе уредиме голем број јавни површини околу станбените згради и комплекси. Со вакво партерно уредување ќе се подобри и изгледот на градот во целост.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Изградба на парк за миленици

По примерот на многу европски градови, ќе изградиме специјално уреден парк за миленици, со безбедни и забавни содржини, каде што сопствениците ќе можат да ги шетаат и да ги социјализираат своите миленици, а притоа ќе се унапреди и квалитетот на јавните површини во Општина Велес.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2027 година

## Проширување на мрежата за улично осветлување

Со промената на мрежата на уличното осветлување и воспоставувањето на комплетно паметно осветлување со 5 282 нови лед-светилки со систем за следење и контролирање, се увиде потребата од проширување на мрежата. За таа цел, во континуитет ќе продолжи проширувањето на мрежата секаде каде што има потреба.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Урбана заедница „Васа Кошулчева“

- Реконструкција на дел од улицата „8 Март“ до поврзувањето со улицата „Христо Татарчев“
- Реконструкција на дел од улицата „Андон Шурков“
- Реконструкција на улицата „Васа Кошулчева“
- Реконструкција на водоводната мрежа на улицата „Алексо Демниевски Бауман“
- Реконструкција на дел од улицата „Алексо Демниевски Бауман“
- Реконструкција на постојните паркинзи во комплексот „УЗУС“

## Урбана заедница „Родна Ивева“ – Речани

- Реконструкција на подземната инфраструктура
- Реконструкција (бетонирање и асфалтирање) на улици во согласност со можностите на Општина Велес и во соработка со државни институции

## Урбана заедница „Димче Мирчев“

- Реконструкција на дел од улицата „Кукушка“
- Реконструкција на дел од улицата „Благој Нечев“
- Реконструкција на дел од улицата „Трајко Панов“
- Реконструкција на дел од улицата „Ѓоре Органџиев“

## Урбана заедница „Богдан Каракостев“

- Реконструкција на улицата „Мечкин камен“
- Реконструкција на фекалната канализација на улицата „Мечкин камен“
- Реконструкција на дел од улицата „Ѓорѓи Димитров“
- Реконструкција на дел од улицата „Јовче Ќучук“
- Реконструкција на дел од улицата „Стојан Бурчевски Буридан“
- Реконструкција на дел од улицата „Богдан Каракостев“

## Урбана заедница „Трајко Панов“

- Реконструкција на улицата „Рилски конгрес“
- Реконструкција на дел од улицата „Ризо Ризов“
- Реконструкција на дел од улицата „Милан Страчковски“
- Реконструкција на дел од улицата „Васил Ѓоргов“

## Урбана заедница „9 Ноември“

- Реконструкција на канализациската мрежа на улицата „Лазо Трпковски“
- Реконструкција на водоводната мрежа на дел од улицата „Тодор Јанев“
- Реконструкција на водоводната мрежа на дел од улицата „Оливер Китановски“
- Реконструкција на дел од улицата „Оливер Китановски“
- Реконструкција на краци на улицата „Сараевска“
- Реконструкција на дел од улицата „Константин Бодев“

- Реконструкција на дел од улицата „8. Велешка бригада“
- Реконструкција на дел од улицата „Костурска“

## Урбана заедница „Алексо Демниевски“

- Реконструкција на улицата „Васил Главинов“
- Реконструкција на улицата „11 Октомври“
- Реконструкција на дел од улицата „Петре Милевски“

## Урбана заедница „Славе Петков“

- Реконструкција на водоводната мрежа на улицата „Питу Гули“
- Реконструкција на водоводната мрежа на улицата „Славе Петков“
- Реконструкција на дел од улицата „Даре Џамбаз“
- Реконструкција на дел од улицата „Мирче Ацев“
- Реконструкција на дел од улицата „Кочо Рацин“
- Реконструкција на дел од улицата „Браќа Поп Јорданови“
- Реконструкција на дел од улицата „Даме Груев“
- Реконструкција на дел од улицата „Максим Горки“
- Реконструкција на дел од улицата „Климент Охридски“

## Урбана заедница „Трајко Капчев“

- Реконструкција на дел од улицата „Ордан Џинот“
- Реконструкција на дел од улицата „Вера Циривири“
- Реконструкција на водоводната мрежа на дел од улицата „Ѓорче Петров“
- Реконструкција на дел од улицата „Ѓорче Петров“
- Реконструкција на дел од улицата „Маца Овчарова“
- Реконструкција на дел од улицата „Благој Кирков“
- Реконструкција на водоводната мрежа на дел од улицата „Коле Цветков“
- Реконструкција на дел од улицата „Коле Цветков“
- Реконструкција на улицата „Боге Николов“

## Урбана заедница „Шорка“

- Реконструкција на дел од улицата „Васа Кошулчева“

## Урбана заедница „Керамидна“

- Реконструкција на улицата „Павел Шатев“
- Реконструкција на дел од улицата „Мите Богоевски“
- Реконструкција на дел од улицата „Андреа Димков“

## Урбана заедница „Тунел“

- Реконструкција на дел од улицата „Белградска“
- Реконструкција на дел од улицата „Славко Ѓорѓиев-Сватот“
- Реконструкција на дел од улицата „Румена Хаџипанзова“

- Реконструкција на дел од улицата „Димитрија Чуповски“
- Реконструкција на дел од улицата „Киро Пракицов“
- Реконструкција на дел од улицата „Жифко Фирфов“
- Реконструкција на крстосницата кај „Пузево чешмиче“

## Урбана заедница „Мирка Гинова“ – Превалец

- Реконструкција на дел од улицата „Мирко Грков“
- Реконструкција на крак на улицата „Трајче Андреевски Петкановски“

## Урбана заедница „Дурутовец“

- Изградба на водоводна линија во „Дурутовец“

## Месни заедници

- Реконструкција на влезот во с. Иванковци
- Реконструкција на влезот во с. Башино Село
- Реконструкција на влезот во с. Караслари
- Реконструкција на влезот во с. Мамутчево
- Реконструкција (бетонирање и асфалтирање) на улици во села (Долно Караслари, Горно Караслари, Црквино, Чалошево, Дурутовец, Башино Село, Отовица, Сојаклари, Кумарино, Мамутчево, Иванковци, Горно Оризари, Раштани, Клуковец, Сливник и Бузалково)
- Реконструкција на патот од с. Сојаклари до с. Кумарино
- Реконструкција на патот од с. Долно Караслари до с. Горно Караслари
- Раконструкција на пристапниот пат до с. Горно Оризари
- Изградба на водоводна линија во с. Клуковец
- Подобрување на водоснабдувањето во с. Караслари
- Подобрување на водоснабдувањето во с. Сојаклари
- Реконструкција на секундарната водоводна мрежа во с. Бузалково
- Изградба на фекална канализација во с. Кумарино
- Бетонирање на банкините на патот од Велес до с. Раштани
- Одржување на локални патни правци со тампонирање
- Реконструкција на плоштадот во с. Башино Село



# Б. ЗЕЛЕНА И ЧИСТА И ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

Грижата за животната средина и енергетската ефикасност претставуваат клучни приоритети за создавање здрава и одржлива заедница. Општина Велес ќе продолжи со реализација на проекти насочени кон подобрување на квалитетот на воздухот, водата и почвата, намалување на загадувањето, зголемување на зелените површини и поттикнување на обновливи извори на енергија. Со овие активности се обезбедува модерен, еколошки и безбеден животен простор за сегашните и за идните генерации.

## ➤ Изградба на пречистителна станица за собирање и третман на отпадни води во градот Велес

По потпишување на договорот за изградба на пречистителна станица за собирање и третман на отпадните води во Велес, во соработка со централната власт ќе се посветиме на реализација на овој витален проект за локалното население, кој ќе придонесе и за заштита на животната средина.

**Извор на финансирање:** Европска Унија, Министерство за животна средина и просторно планирање, Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## ➤ Регионален центар за управување со отпад

Со веќе постоен проект на ЕУ, во два административни региони ќе се воспостави интегриран систем за управување со отпадот, а Општина Велес е дел од овој проект со кој е предвидено на веќе постојната локација на градската депонија да се изгради претоварна станица од каде што сметот во контејнери ќе се носи во регионалниот центар.

**Извор на финансирање:** Европска Унија, Министерство за животна средина и просторно планирање, Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## ➤ Изградба на пешачки и велосипедски мост за поврзување на населбата Речани со Градскиот парк

Новите мостови значат нова поврзаност и зголемување на можностите на корисниците. Со изградба на пешачки и велосипедски мост кој ќе ја поврзе населбата Речани со Градскиот парк ќе се добие нова урбана врска, со нови можности за прошетки, рекреација и социјален живот.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2028 година

## Регулирање на кејот на реката Вардар

Регулирањето на кејот на реката Вардар е обемен проект поради што е неопходна изведба во фази. По завршувањето на едниот дел од десната страна, како и градежните активности на вториот дел во продолжение, во наредните години ќе се посветиме за негова изградба и регулирање на потег од „Стар мост“ до „Мало мовче“ од левата страна, како и во правец од мостот „Гемиџии“ до „Железен мост“ од десната страна на реката Вардар. Со ова граѓаните ќе добијат современа и функционална целина за одмор и релаксација, со можност за збогатување со разновидни содржини.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Покривање на атмосферскиот канал зад ЈКП Дервен

Атмосферскиот канал зад ЈКП Дервен е долгогодишен проблем за сите жители во овој дел од градот. Во соработка со стручни лица и експерти, ќе изготвиме проект за негово покривање, а со тоа ќе се зголеми безбедноста и ќе се спречи ширењето на непријатна миризба.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2027 година

## Пошумување на нови локации

Покрај многубројните изминати акции и редовно пошумување на територијата на Општина Велес, ќе се реализираат активности за пошумување на нови локации со цел зголемување на зелените површини, заштита на животната средина и подобрување на еколошката рамнотежа.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Хортикултурно и пејзажно уредување и зголемување на јавни зелени површини

Во изминатите четири години во континуитет се вложуваше во јавното зеленило, а со таа практика ќе се продолжи и во иднина. Тековно ќе се спроведуваат активности за хортикултурно и пејзажно уредување, како и зголемување на бројот на јавни зелени површини, со цел разубавување на просторот, подобрување на квалитетот на воздухот и создавање пријатна и здрава животна средина за граѓаните.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Поставување на подземни контејнери

Ќе продолжиме и со добрата воспоставена практика за набавка и поставување на подземни контејнери на повеќе локации во градот, со цел поефикасно управување со отпадот, подобрување на хигиената и визуелниот изглед на јавните површини и намалување на непријатните миризби.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Продолжување на добрата практика за зголемување на енергетската ефикасност

Општината во изминатите години вложуваше средства во различни активности за зголемување на енергетската ефикасност и заштита на животната средина, како што се: субвенционирање на физички лица за купување инвертер-клими и сончеви колектори, набавка и инсталација на фотоволтаични панели и енергетски ефикасни фасади на општинските објекти и др. Овие мерки ќе продолжат и во иднина со тенденција за понатамошен развој.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година





# В. ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА

Економскиот развој е темел на секоја успешна заедница. Општина Велес ќе вложува во создавање услови за поддршка на малите и средните бизниси, поттикнување на претприемништвото и зачувување на традиционалните занаети. Со стимулирање на локалните економски иницијативи и привлекување нови инвестиции, ќе се овозможи отворање на нови работни места, зголемување на конкурентноста и подобрување на стандардот на граѓаните.

## Економски развој преку обезбеден локален фонд за поддршка на мали бизниси

Економскиот развој на една општина е од исклучителна важност, а задача на општината е секогаш да препознае и да поддржи добри идеи и практики. Токму затоа ќе намениме локален финансиски фонд и преку утврдена стратегија и критериуми ќе ги поддржуваме малите бизниси. Намената ќе биде за веќе постојни бизниси, но и за стимулирање за започнување на нови, со што ќе ги поддржиме претприемништвото, конкурентноста и иновативноста.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Економски развој преку обезбеден локален фонд за поддршка на стари занаети

Велес е горд чувар на својата традиција, познат низ историјата како авангарден и трговски град, плодна почва за развој на старите занаети: терзиски занает, грнчарство, чевларство, кожарство и др. Со цел негување на ова културно и историско наследство, Општината ќе обезбеди локален фонд за поддршка на старите занаети, за нивна афирмација, зачувување и оживување, со што директно ќе влијаеме врз локалниот економски развој и туристичката понуда.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Поддршка на локални ракотворци

Во изминатите години Општина Велес ги препозна автентичноста и значајноста на ракотворците во градот, поради што во текот на годината се организираа неколку базари на отворено, а оваа практика ќе продолжи и во иднина.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Изградба на основна инфраструктура во постојните индустриски зони

Значаен аспект за развој на локалната економија е отворање на нови можности за инвеститорите преку одржување и надградување на индустриските зони. Во наредниот период ќе се фокусираме на создавање услови (патна инфраструктура, водоводна и канализациска мрежа, електрична енергија), а со тоа ќе се поттикне користењето на просторот за проширување и отворање на нови капацитети и работни места.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Транспарентен градоначалник на Општина Велес

Во изминатите четири години целосно го сменивме начинот на функционирање и достапност на градоначалникот, а тоа доведе до највисок процент на транспарентност во Македонија според спроведените анкети. Покрај воведениот отворен ден и разни јавни трибини, и понатаму ќе продолжи добрата практика со која секој заинтересиран граѓанин може да стапи во контакт со градоначалникот и да ги сподели своите потреби и идеи. Дополнително ќе продолжи и јавното информирање за сите тековни активности преку официјалната страница на Општината и преку профилите на социјалните мрежи.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Транспарентен Совет на Општина Велес

Ќе продолжи транспарентното работење на Советот на Општина Велес како највисоко претставничко тело на граѓаните преку емитување на седниците во живо, слободен увид во дискусиите и донесените одлуки, како и достапност на советниците за директна комуникација преку воведување отворен ден за граѓаните.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Транспарентна Општина Велес

Успешноста во работењето на Општината во голема мера зависи од работата на администрацијата. Токму затоа, а со цел доближување на работата на администрацијата до граѓаните, во текот на годината ќе се организираат фокусни групи со засегнати страни, а ќе биде организиран и отворен ден кога секој заинтересиран жител на Велес ќе може да се запознае со работата на различните одделенија и сектори во Општината.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

### Обновување на соработката со збратимените градови

Периодот на пандемија придонесе за намалување на соработката со збратимените градови и е неопходно во следниот период да се обнови и да се зајакне соработката, со цел размена на искуства, културни, образовни и економски активности, поттикнување на локалниот развој и збогатување на меѓународните врски на Општина Велес.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

### Активно вклучување на администрација во европските програми

Многубројните проекти и програми кои се на располагање можат да бидат од клучно значење за развој на Општината. Токму затоа ќе се зајакне учеството на општинската администрација во европските програми, со цел обезбедување дополнителни финансиски ресурси, реализација на проекти за развој на локалната заедница и зголемување на капацитетите на општината.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година



# Г. ИНВЕСТИРАМЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ВО МЛАДИТЕ ВО НАШАТА ОПШТИНА

Образованието и младите се најголемиот потенцијал за иднината на Велес. Затоа, наш приоритет е создавање современи и безбедни училишни услови, унапредување на спортската инфраструктура и поддршка на младинските иницијативи. Со инвестиции во училиштата, спортските сали и рекреативните капацитети, како и со креирање програми за млади, ќе поттикнеме генерации кои ќе бидат носители на развојот и позитивните промени во општината.

## Изградба на ново училиште во селото Иванковци

Иванковци е живо село во Општина Велес во кое е неопходна нова училишна зграда за тамошните ученици од I до IX одделение со цел обезбедување квалитетни услови за образование, поттикнување на развојот на селото и создавање подобра образовна иднина за децата од овој регион.

**Извор на финансирање:** Министерство за образование и наука, Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Изградба на ново училиште во село Клуковец

Во село Клуковец ќе се изгради ново училиште со современи и безбедни услови за учење на тамошните ученици. Целта е да се обезбеди пријатна и поддржувачка средина каде што децата ќе можат да се образоваат и развиваат, а дополнително се поттикнува и развојот на селото.

**Извор на финансирање:** Министерство за образование и наука, Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Реконструкција на училишната зграда во село Сојаклари

Училишната зграда во село Сојаклари во којашто учат ученици од I до IX одделение е во лоша состојба и е неопходно комплетно реновирање. Со целосната реконструкција на зградата ќе се овозможи нормално следење на наставата на сите ученици од ова населено место.

**Извор на финансирање:** Министерство за образование и наука, Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

### Реконструкција на дел од покривот на ООУ „Блаже Конески“

Со цел обезбедување безбедни и современи услови за престој и настава, ќе се изврши реконструкција на оштетениот дел од покривот на училиштето, со што ќе се спречат понатамошни оштетувања и ќе се подобри енергетската ефикасност на објектот.

**Извор на финансирање:** Министерство за образование и наука, Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

### Реконструкција на спортската сала во ООУ „Панко Брашнаров“

Основното училиште „Панко Брашнаров“ е единственото училиште на левата страна од градот, каде што постојната спортска сала треба да се реконструира. Со оваа инвестиција учениците ќе можат безбедно и непречено да спортуваат и да ја реализираат наставата.

**Извор на финансирање:** Министерство за образование и наука, Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

### Уредување на задниот двор на ООУ „Панко Брашнаров“ со инклузивни елементи

Ќе се изврши уредување и модернизација на задниот двор на училиштето, со поставување инклузивни елементи и содржини приспособени за деца со различни потреби, со цел создавање безбедна, достапна и поттикнувачка средина за игра и учење за сите ученици.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2027 година

### Реконструкција на дворот во ООУ „Св. Кирил и Методиј“

Задниот дел од дворот на училиштето има потреба од реконструкција и модерно уредување, со што децата ќе добијат уште едно уредено катче за вршење на училишните активности, рекреација и социјализација.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2027 година

### Енергетски ефикасна фасада на ООУ „Рајко Жинзифов“ во с. Горно Оризари

Училиштето располага со проектна документација за реконструкција на фасадата која ќе се изврши со енергетски ефикасни материјали, со цел подобрување на топлинската изолација, намалување на трошоците за енергија и обезбедување комфорна и здрава средина за учениците.

**Извор на финансирање:** Министерство за образование и наука, Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Реконструкција на фудбалското игралиште во дворот на ООУ „Лирија“ – с. Бузалково

Спортот е здравје и токму затоа еден од приоритетите на Општината беше инвестиција во спортските капацитети во училиштата. Во наредниот период и фудбалското игралиште во ООУ „Лирија“ – Бузалково ќе биде целосно реконструирано и ќе добие модерен лик и зголемена функционалност.

**Извор на финансирање:** Министерство за образование и наука, Министерство за спорт, Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Опремување на сензорни соби во основните училишта

Во изминатите години во дел од основните училишта се опремија сензорни соби, а оваа практика за опремување сензорни соби со современа опрема и материјали за сензорна стимулација ќе продолжи и понатаму, со цел поддршка на децата со посебни образовни потреби и поттикнување на нивниот психофизички развој и инклузија.

**Извор на финансирање:** Министерство за образование и наука, Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Енергетски ефикасна фасада на ССОУ „Димитрија Чуповски“ – Велес

Големата потрошувачка на енергија значи и поголемо загадување на животната средина. Преку реконструкција на фасадата на ССОУ „Димитрија Чуповски“, за што е во тек избор на најповолен понудувач, ќе се добие енергетска ефикасност, намалување на трошоците за греење и ладење и заштита на околината.

**Извор на финансирање:** Министерство за образование и наука, Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2026 година

## Реконструкција на покривот на спортската сала на ССОУ „Димитрија Чуповски“ – Велес

Спортската сала што ја делат двете училишта ССОУ „Димитрија Чуповски“ и СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ беше целосно реконструирана, а по завршувањето на административните процедури за избор на најповолен понудувач, ќе се изврши реконструкција и на покривот, со цел обезбедување безбедни и функционални услови за спортски активности, зачувување на објектот и создавање пријатна средина за учениците и за наставниците.

**Извор на финансирање:** Министерство за образование и наука, Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2026 година

## Подобрување на училишниот инвентар во основните и во средните училишта

Во изминатите четири години постојано се инвестираше во подобрување на условите за образование во училиштата преку замена на стариот и дотраен инвентар и замена со нов. Ваквата практика ќе продолжи и понатаму со цел безбедност на учениците и наставниците, удобно следење на наставата и подобар изглед на училниците.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Воспоставување на енергетско-ефикасен систем за греење и ладење во ОУД „Лазар Лазаревски“ во Велес

Со набавка и инсталација на топлотна пумпа и фенкојлери, ќе се воспостави модерен и енергетски ефикасен систем за греење и ладење, со што ќе се обезбедат оптимални услови за работа и престој во објектот, ќе се намалат трошоците за енергија и ќе се придонесе кон заштита на животната средина.

**Извор на финансирање:** Министерство за образование и наука, Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Изработка на стратегија за млади

По примерот на поголемите градови во Европа, Општина Велес ќе создаде квалитетен стратегиски документ со кој ќе го зголеми квалитетот на живеење на младите и нивната афирмација и ќе придонесе за поттикнување на младите да учествуваат во улогата на активни граѓани и носители на позитивни промени. Со оваа стратегија младите ќе имаат придобивка во повеќе области како помош при избор на кариера, финансиски совети, здравје, образовни можности, културни можности и др.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2027 година


Lorem ipsum dolor sit amet

# Д. ОПШТИНАТА ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА

Дигитализацијата е предуслов за модерна и ефикасна општина. Со проширување на електронските услуги, поставување на видеонадзор и обезбедување бесплатен безжичен интернет на јавните површини, ќе овозможиме побрзи и поефикасни услуги за граѓаните, зголемена безбедност и поголема дигитална поврзаност. На тој начин, Општина Велес ќе стане пофункционална, потранспарентна и поблиска до секој жител.

## Проширување на мрежата за видеонадзор на територијата на Општина Велес

Оваа година почнавме со поставување видеонадзор на спортските комплекси со цел заштита на терените и урбаната опрема од девијантни појави. Во иднина е предвидено проширување на мрежата за видеонадзор и на други локации со што ќе придонесеме за поголема безбедност и превенција од инциденти.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Проширување на електронските услуги на Општина Велес

Во оваа дигитална ера, неопходно е модернизирање на услугите и нивно доближување до граѓаните. Општина Велес располага со низа електронски услуги, а во иднина ќе се прошируваат можностите на системот со цел олеснување на процедурите и заштеда на време.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Бесплатен безжичен интернет на јавните површини

Ќе се обезбеди бесплатен безжичен интернет на клучните јавни површини во Општина Велес, со цел граѓаните и посетителите да имаат лесен пристап до интернет, подобрување на комуникацијата и зголемување на дигиталната поврзаност на заедницата.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Имплементација на системот „Безбеден град“ (Safe City)

Во соработка со Министерството за внатрешни работи, во следна фаза на имплементација на системот „Безбеден град“ (Safe City) ќе биде и Општина Велес, со што директно влијаеме врз зголемување на безбедноста на сите учесници во сообраќајот

и непристрасно санкционирање на прекршителите на сообраќајните правила и прописи.

**Извор на финансирање:** Министерство за внатрешни работи, Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година



# Ѓ. ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИТЕ НАСТАНИ ВО ОПШТИНАТА

Културата е душата на една заедница и нејзин најпрепознатлив белег. Општина Велес ќе продолжи да ја негува и да ја унапредува културната традиција преку поддршка на фестивали, манифестации и настани кои ја збогатуваат духовната и уметничката сцена. Со зачувување на долгогодишните културни вредности и создавање нови содржини ќе се поттикне креативноста, ќе се збогати понудата за граѓаните и ќе се промовира Велес како значаен културен центар.

## Хуманитарен божиќен концерт

Општина Велес за првпат започна со организација на Хуманитарен божиќен концерт, каде што во соработка со ОО Црвен крст со средствата собрани од продажба на билети се донира онаму каде што е најпотребно. Овој концерт ќе прерасне во традиција, поттикнувајќи свест за хуманост и општествена одговорност.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Чествување на Свети Трифун

Ќе продолжи и традиционалното чествување на Свети Трифун – заштитникот на лозарите и винопроизводителите, со културно-забавни содржини и промоција на локалните винарии и производи, со цел зачувување на традицијата и поттикнување на локалниот развој.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Театарски фестивал „5ре“

Пред четири години ги поставивме темелите на новиот театарски фестивал во чест на доајенот Петре Прличко кој наиде на огромен интерес кај јавноста. Општина Велес преку делегирана надлежност и понатаму ќе продолжи со поддршка за развој и растеж на овој фестивал.

**Извор на финансирање:** Министерство за култура и туризам, Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Мотособир

По неколку годишна пауза го обновивме и ќе продолжиме со поддршката и за мотособирот кој секоја година собира повеќе од 1000 мотоциклисти и други љубители на мотоциклизмот. Покрај културно-забавниот дел, овој дводневен настан промовира безбедност при возењето и почитување на мотокултурата преку различни едукативни содржини.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## „Рацинови средби"

Долгогодишните „Рацинови средби" се нераскинлив дел од културната понуда во Велес. Ќе продолжиме со добрата практика за повеќедневно чествување на великанот со разновидни поетски, музички, уметнички и други настани со кои кај сите генерации ќе се развива љубовта кон литературата.

**Извор на финансирање:** Министерство за култура и туризам, Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Вардарска регата „Гемиџии"

Следејќи го патот на солунските атентатори, познатите велешки гемиџии, ќе продолжи поддршката за истоимената Вардарска регата која плови од Велес до Солун во чест на храбриот подвиг на овие младинци.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Интернационален фолклорен фестивал „Велес"

Општина Велес и во наредните години ќе ја поддржува оваа долгогодишна традиционална манифестација која е чувар на историјата, традицијата и фолклорот и секоја година на едно место собира фолклорни ансамбли од повеќе земји, а велешани во огромен број ги проследуваат сите фестивалски вечери.

**Извор на финансирање:** Министерство за култура и туризам, Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Велешко лето

Велес е единствен град во Македонија каде што културното лето трае повеќе од 50 дена и се организираат околу 35 настани на различни локации во градот. Разновидната понуда буди голем интерес кај велешани поради што и во наредните години ќе продолжиме со квалитетна програма за сите возрасти и вкусови.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Кино на отворено

Ќе продолжиме со проекции на филмови на отворено во текот на летните месеци, со цел збогатување на културната понуда достапна за сите и создавање пријатен простор за дружење и заедничко уживање на граѓаните.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Чествување на Свети Пантелејмон

Ќе продолжиме со организирање на достоинствено чествување на Свети Пантелејмон – заштитникот на градот Велес, со богата културно-уметничка и духовна програма, со цел зачувување на традицијата, заедничко одбележување на празникот и зајакнување на градскиот дух и заедништвото.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Меѓународен фестивал на античка драма „Стоби“

Ќе продолжи поддршката и за дваесетгодишниот Меѓународен фестивал на античка драма „Стоби“ кој нуди богата и разновидна програма за љубителите на театарот.

**Извор на финансирање:** Министерство за култура и туризам, Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Фестивал на џез, ворлд и современа музика

Создадовме и нов музички фестивал за љубителите на поалтернативните жанрови. Преку делегирана надлежност, ќе продолжи организацијата и на Фестивалот на џез, ворлд и современа музика кој има меѓународен карактер и секоја година буди сѐ поголем интерес кај посетителите.

**Извор на финансирање:** Министерство за култура и туризам, Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Фестивал на велешка пита и вино „Питијада“

Ќе продолжи организацијата и на најмасовниот настан во Велес кој го возобновивме по неколкугодишна пауза, традиционалниот Фестивал на велешка пита и вино „Питијада“, на којшто три дена локалните угостители и винарии ги промовираат вкусната велешка пита и квалитетното македонско вино на задоволство на повеќе илјадници посетители од цела Македонија. Покрај задолжителниот музички дел, кој од година во година ќе расте во квалитет, програмата и понатаму ќе ја збогатуваме со детски дел, изложба на олдтајмери, базар на ракотворби и други активности што ќе придонесат за афирмација на манифестацијата.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## „Детски Рацинови средби“

Ќе се продолжи и унапреди традицијата на одржување на „Детските Рацинови средби“, со цел поттикнување на креативноста, љубовта кон литературата и културниот развој кај најмладите.

**Извор на финансирање:** Министерство за култура и туризам, Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## „Винтерфест“

Претпразничните денови се денови во кои времето го минуваме со семејствата и пријателите, а „Винтерфест“ е настан токму за тоа. Со музичко-забавни содржини за сите возрасти, греено вино и храна од локалните угостители, Велес ќе продолжи да шири празнична атмосфера по пример на светските метрополи.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Фестивал „Велес креатива фест“

Целта на овој нов креативен фестивал ќе биде да ја споиме традицијата со современите текови на животот преку поддршка на креативни културни индустрии, да ги поттикнеме младите да размислуваат „надвор од кутијата“ и да бидат двигатели на креативниот дух втемелен врз препознатливата велешка историја. Културната сцена во Велес ќе се испреплете со креативната индустрија за создавање нови вредности.

**Извор на финансирање:** Министерство за култура и туризам, Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Поставување на споменик на Миле Поп Јорданов

Планирано е да се постави споменик во чест на народниот херој Миле Поп Јорданов, како трајно обележје за неговиот придонес и херојство, со цел зачувување на историската меморија и како потсетник за идните генерации. Велес е горд чувар на неговото дело, па покрај градската химна посветена на него, поставувањето на спомен-обележје ќе биде уште еден начин за чествување на овој великан.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025-2028 година

## Осветлување на спомен-куќи и обележја

За зачувување на културното наследство и зголемување на неговата видливост, ќе продолжиме со поставување декоративно и безбедносно осветлување на спомен-куќите и обележјата во општината, со што ќе им се овозможи достоинствен изглед и поголема промоција и афирмација и во вечерните часови.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2026 година

## Осветлување на јаворите како симболи на градот

Ќе поставиме декоративно осветлување на јаворите, како препознатлив симбол на нашиот град, со цел да се нагласат нивната убавина и значењето, и да се создаде уникатна и топла вечерна атмосфера во јавните простори. Јаворите во центар, на Којник, кај Варналиите, над Градскиот саат, над ООУ „Св. Кирил и Методиј" и во с. Башино Село ќе блеснат како чувари надвиснати над градот.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2027 година

## Поддршка за играорни друштва

Ќе продолжиме со обезбедување континуирана поддршка за играорните друштва преку финансиски средства, логистичка поддршка и организација на настапи, со цел зачувување и промовирање на традиционалната култура, историја, народните обичаи и идентитет.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година



# Е. ПОДДРШКА И ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ

Туризмот е можност за економски развој и промоција на природните и културните богатства на Велес. Со унапредување на туристичката инфраструктура, дигитализација на спомен-обележјата и промоција на локалните знаменитости, ќе се создадат нови можности за домашни и за странски посетители. Општината ќе инвестира во модерни средства за промоција, туристички патеки и центри за информирање, со цел Велес да стане атрактивна туристичка дестинација и центар на културно-историски и рекреативен туризам.

## ➤ Ставање во функција на туристичкото биро во Велес

Во центарот на Велес има туристичко биро кое досега не беше ставено во функција. Со зголемување на културната понуда во градот и афирмација на спомен-обележјата, во изминатиот период се актуализираше потребата од туристичкото биро кое ќе биде достапно за сите посетители, поради што со ангажирање квалитетен и соодветен кадар ова биро ќе биде ставено во функција.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2026 година

## ➤ Поставување на туристички патоказни табли за известување во Општина Велес

Заради промоција на сите природни убавини, историски локалитети и културни спомен-обележја, на територијата на Велес ќе бидат поставени патоказни табли за известување, со кои домашните и странските туристи ќе добиваат соодветни патокази за посета на овие локации.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2027 година

## ➤ Дигитална интерактивна туристичка мапа

Општина Велес изобилува со природни, културни и историски знаменитости чиј туристички потенцијал не е искористен во целост. Покрај другите предвидени мерки, ќе изработиме дигитална интерактивна туристичка мапа преку која сите посетители ќе можат да се запознаат со понудата и полесно да стигнат до она што ќе сакаат да посетат. Поради својата местоположба, Велес е неизбежен центар за транзитен туризам, а со ваква алатка ќе придонесеме за искористување на овој потенцијал.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2028 година

## Дигитализација на културни спомен-обележја

Еден од начините за привлекување домашни и странски туристи е да се направат содржините попристапни и поатрактивни за посетителите. Употребата на современи алатки и технологија во денешно време е неопходност, поради што ќе се погрижиме за дигитализација на сите културни спомен-обележја во градот.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025-2028 година

## Организација и учество на домашни и на меѓународни саеми во областа на туризмот

Вмрежувањето е еден од главните предуслови за промоција на капацитетите со кои располага Општината. Токму затоа ќе се залагаме за организирање и учество на домашни и на меѓународни саеми за сите сместувачки капацитети, локални винарии, угостители и други засегнати субјекти, а со тоа ќе придонесеме за директен развој на туризмот.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Планината Бреза – нов еколошко-туристички центар

Планината Бреза, која е во непосредна близина на градот, во изминатите години беше целосно запоставена и заборавена. Наша цел е оваа природна убавина да прерасне во нов еколошко-туристички центар преку урбанизација и воведување разновидни содржини за промоција, афирмација и развој.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Велосипедско-пешачка патека од м. в. Потокот до манастирот „Св. Илија“

Еден од потенцијалите на Велес за развој на рекреативниот туризам за странските, но и за домашните посетители е манастирот „Св. Илија“ на истоимениот рид. За таа цел, Општината има изготвено проектна документација која во наредниот период ќе се имплементира со изградба на велосипедско-пешачка патека од м.в. Потокот до манастирот „Св. Илија“.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2027 година

## Изградба на велосипедска и пешачка патека до Вршник

Ридот Вршник е често посетувано место за одмор и рекреација на велешани. Со цел поголема пристапност и развој на туристичкиот потенцијал до местото, ќе се изготви

проект за понатамошна изградба на велосипедска и пешачка патека.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година



# Ж. ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Силна општина се гради со грижа за сите граѓани. Општина Велес ќе продолжи да вложува во социјални и здравствени проекти кои обезбедуваат подобри услови за најмладите, поддршка за семејствата, помош за ранливите категории и достоинствен живот за повозрасните. Со овие мерки ќе се поттикне социјална еднаквост, солидарност и создавање здрава и сигурна заедница за сите жители.

## Нова детска градинка – нова детска радост

Потребата за згрижување деца од предучилишна возраст и нивно воспитување во континуитет се зголемува, поради што има потреба од зголемување на капацитетите на ОЈУДГ „Димче Мирчев". Преку пренамена на дел од поранешното училиште „Јордан Хаџи Константинов-Џинот", во соработка со ресорното министерство, ќе се отвори нов клон во кој ќе се обезбедат современи услови за престој, нега, воспитно-образовни, спортски, културно-забавни и други активности за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на децата.

**Извор на финансирање:** Министерство за социјална политика, демографија и млади на Македонија, Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Набавка на опрема за потребите на ТППЕ Велес

Како и досега, ќе продолжи континуираното обновување и осовременување на опремата со која располага ТППЕ Велес, со цел подобрување на условите за работа, зголемување на ефикасноста при интервенции и обезбедување побезбедна средина за граѓаните.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Обезбедување на бесплатни униформи за учениците во основното образование

Со средства од општинскиот буџет ќе се набават бесплатни униформи за сите ученици во основните училишта, со цел намалување на финансиските трошоци за семејствата и создавање еднакви услови за образование, како и за намалување на врсничката поделба и насилство по оваа основа.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Еднократна парична помош за секое прваче

Тргнувањето на училиште е период од животот и своевиден предизвик што го одбележува секое семејство. Воведовме исплата на еднократна парична помош за сите првачиња, со цел олеснување на почетокот на нивното образование и поддршка за семејствата во подготовката за новата учебна година, а оваа практика ќе продолжи и во иднина со тенденција за зголемување на поддршката.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Еднократна парична помош за секое новороденче

Зголемувањето на наталитетот е цел кон која се стремиме поради што како одговорна општина обезбедивме еднократна парична помош за секое новороденче, што ќе продолжи и во иднина со тенденција за зголемување на износот, со цел поддршка за семејствата и поттикнување на раѓањето и развојот на здрави и среќни деца во Општина Велес.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Финансиска поддршка за пензионери преку нивните сојузи

Пензионерите со својот придонес во текот на нивниот работен век биле столбот врз кој се градела Општината и нивната улога не смее да се занемари. Од тие причини, ќе се обезбеди финансиска поддршка за пензионерите која ќе се распредели преку нивните сојузи, со цел подобрување на квалитетот на животот, поддршка за секојдневните потреби и јакнење на улогата на постарите граѓани во заедницата.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Ангажирање на социјално ранливи категории граѓани за одржување на јавната чистота и јавното зеленило во Општина Велес

Во изминатата година овозможивме ангажирање на социјално ранливи категории граѓани за активности поврзани со одржување на јавната чистота и јавното зеленило, а оваа мерка ќе продолжи и понатаму, со што не само што придонесуваме за подобрување на животната средина, туку и за создавање можности за вработување и зајакнување на заедницата.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година



# 3. ИНВЕСТИРАМЕ ВО СПОРТОТ ЗА ОПШТИНА СО ЗДРАВИ НАВИКИ

Спортот и рекреацијата се темел на здравиот животен стил и заедничкиот дух. Општина Велес ќе продолжи да инвестира во изградба и реконструкција на спортски терени, игралишта и сали, како и да дава поддршка на спортските клубови, манифестации и настани. Со тоа ќе се создадат услови за масовно спортување, поттикнување на младите кон физичка активност и промоција на Велес како град на спортот и здравите навики.

## Изградба на нови детски игралишта

Обезбедување на катчиња за рекреација на децата беше еден од приоритетите на Општина Велес во изминатите четири години. Во таа насока ќе продолжиме и понатаму за изградба на нови детски игралишта на повеќе локации: с. Сливник, с. Мамутчево, с. Раштани, с. Црквино, с. Бузалково, с. Оризари, с. Клуковец, с. Чалошево, нас. Речани, нас. Шорка, на ул. „8 Март“, на ул.„Васа Кошулчева“, на спојот на улиците „Белградска“, „Васил Главинов“ и „Киро Ќучук“, кај плочата на улица „11 Октомври“, во близина на ДОЗ, во близина на автобуската станица, во близина на Стар мост, во близина на социјалните згради и во близина на зградата на Општина Велес.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Нов спортски настан „Трка со препреки“

Во соработка со авантуристи, ентузијасти и спортски работници, ќе се креира нов спортски настан „Трка со препреки“, кој ќе понуди уникатно и забавно спортско искуство, ќе го поттикне натпреварувачкиот дух и ќе ги промовира физичката активност и здравиот начин на живот кај младите и граѓаните на Општина Велес и пошироко.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Поддршка на Велешките спортски игри

Велешките спортски игри за само четири години од започнувањето со организација станаа препознатлив бренд кој собира неколку стотици натпреварувачи од повеќе европски земји и го прави Велес центар на спортските збиднувања во Македонија со илјадници посетители, поради што ќе продолжиме со интензивна логистичка и финансиска поддршка за дополнителен раст и развој на оваа спортска манифестација.

**Извор на финансирање:** Министерство за спорт, Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

### Поддршка на атлетската трка „Трчаме за Рацин“

Во изминатите години воспоставивме практика за афирмација на културата преку спортот на начин што организиравме атлетска трка во чест на великанот Кочо Рацин. Оваа атлетска трка во која учесниците се натпреваруваат на 5 и на 10 км, а дополнително нуди и детска трка за повеќе возрасни категории, ќе продолжи да биде дел од спортската понуда во градот со поддршка од Општина Велес.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

### Поддршка за ултрамаратонот до Лопушник

Ултрамаратонот е тешка и предизвикувачка спортска дисциплина со која малкумина можат да се пофалат. Општина Велес ја има честа како досега, така и во иднина да биде поддржувач на ваков ултрамаратон во кој неколкумина ентузијасти трчаат околу 170 км до планината Лопушник во чест на Рацин.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

### Поддршка за одржување првенства во кајакарство на диви и на мирни води

Кајакарството е еден од најпопуларните спортови во Велес кој во континуитет носи многубројни успеси на домашни и на меѓународни натпревари. Реката Вардар е идеално место за групни и самостојни кајакарски натпревари, а во Велес традиционално се одржуваат меѓународни првенства во различни дисциплини со учество на многу кајакари од различни земји. Со продолжувањето на поддршката кон кајакарските клубови за организирање вакви натпревари ќе овозможиме уште поголем развој на оваа дисциплина и афирмација на градот.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

### Поддршка за одржување турнири за спортски риболов

Риболовот е една од поразвиените спортски дисциплини во Велес, каде што егзистираат повеќе риболовни друштва. Поддршката за нив ќе продолжи во континуитет заради поголема афирмација и развој.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Поддршка на фудбалски турнири

Велес отсекогаш имал традиција за одржување фудбалски турнири кои привлекуваат огромно внимание кај публиката и промовираат спортување и здрав живот. Од тие причини, ќе продолжиме со поддршка на сите фудбалски турнири што се организираат во Општината: детски турнир за млади надежи, турнири во с. Мамутчево, во с. Ивановци, во нас. Превалец, во с. Башино Село и во с. Оризари.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Поддршка за Сојузот на спортови

Како и досега, ќе продолжиме со поддршка на Сојузот на спортови со тенденција за нејзино зголемување, преку кој се помагаат спортските клубови во градот и се афирмираат преку избор и прогласување на најдобрите спортисти и спортски работници.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Поддршка за Општинскиот фудбалски сојуз

И во вториот мандат ќе продолжи поддршката за Општинскиот фудбалски сојуз, со цел понатамошна афирмација и развој на фудбалот и клубовите.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Поддршка за спортските клубови во Велес

Велес отсекогаш бил спортски град кој дал голем број имиња на поединци и клубови. На почетокот на првиот мандат ја возобновивме поддршката за сите спортски клубови која понатаму ќе се зголемува во согласност со нивните потреби и достигнувања, и можностите на Општината.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

## Изградба на адреналински парк

На територијата на Општина Велес ќе изградиме современ адреналински парк кој ќе понуди забавни и предизвикувачки содржини за млади и љубители на спорт и авантура, со цел поттикнување активен животен стил и збогатување на спортската, туристичката и рекреативната понуда.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2027 година

### Изградба на скејт-парк

За љубителите на урбаните спортови ќе изградиме модерен скејт-парк, со цел создавање безбеден простор за спорт и рекреација и збогатување на младинската и спортската понуда во Општина Велес.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2027 година

### Реконструкција на спортската сала „Гемиџии“ – Велес

Спортската сала во градот е една од најстарите во Македонија и е неопходна нејзина целосна реконструкција. Во соработка со Министерството за спорт, во првата фаза се обезбедени средства за реконструкција на електриката, водоводот и дел од архитектурата, а понатаму ќе се пристапи кон менување на подот, со цел обезбедување соодветни услови за тренирање и одржување на домашни и меѓународни натпревари и првенства.

**Извор на финансирање:** Министерство за спорт, Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2028 година

### Реконструкција на теренот за баскет во близина на зградата на Општина Велес

Овој терен за баскет е еден од малкуте што не беше реконструиран во изминатите четири години, а е редовно користен од младите од овој дел од градот за спорт и рекреација, поради што во наредниот период ќе биде еден од приоритетите за целосна реконструкција со современа подлога и елементи.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2026 година

### Реконструкција на тартан-патеката на Градскиот стадион

По многу години, во соработка со Министерството за спорт, ќе се изврши целосна реконструкција на тартан-патеката на Градскиот стадион, со цел подобрување на условите за тренинг и натпревари на професионалните атлетичари, како и поттикнување на развојот на атлетиката и спортот во Општина Велес.

**Извор на финансирање:** Министерство за спорт, Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2026 година

### Тековно одржување на постојните спортско-рекреативни комплекси и терени на територијата на Општина Велес

Во изминатите четири години се изградија и реконструираа повеќе спортско-рекреативни комплекси и терени, а со цел нивно зачувување и континуирано користење, ќе обезбедиме редовно и навремено одржување за унапредување на спортската инфра-

структура и поттикнување активен и здрав начин на живот кај граѓаните.
**Извор на финансирање:** Општина Велес
**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

# Ѕ. СОРАБОТКА СО ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Граѓанските организации се важен партнер во развојот на општината и во градењето на инклузивно општество. Општина Велес ќе ја зајакнува соработката со нив преку поддршка на иницијативи, заеднички проекти и учество во европски програми. Со активно вклучување на невладиниот сектор, ќе се создадат подобри услуги за граѓаните, ќе се промовираат вредности на еднаквост и толеранција и ќе се поттикне заеднички ангажман за општествен развој.

### Кампања „16 дена активизам против родово базирано насилство“

Во изминатите години редовно се спроведуваше оваа кампања која преку разни мерки, средства и активности придонесува во борбата против родово базирано насилство, а поддршката од страна на Општина Велес ќе продолжи и во иднина.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

### Поддршка на сервис за психосоцијална поддршка на лица жртви на семејно насилство

Во Општина Велес функционира сервис кој нуди психосоцијална помош на лица жртви на семејно насилство, а поддршката ќе продолжи и понатаму со цел заштита, советување и обезбедување сигурна и поддржувачка средина за засегнатите.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

### Поддршка за самохраните родители

Поддршката на самохраните родители е важна алка за создавање стабилна и сигурна средина за нивните деца. Токму затоа ќе се обезбеди системска поддршка за самохраните родители преку различни програми и мерки, со цел олеснување на секојдневните предизвици и подобрување на квалитетот на живот.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

### Менторска поддршка на жени за претприемништво

Иако низ годините расте бројот на жените во бизнисот, сè уште има потреба од соодветна поддршка со која жените ќе се мотивираат за претприемништво покрај нивната општествена улога во домот и заедницата. Поради тоа ќе се воспостават програми за менторска поддршка на жени со цел развој на претприемачки вештини, поттикнување

на самостојни бизнис-иницијативи и јакнење на економската независност на жените во Општина Велес.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

### Образовни кампањи за еднаквост и толеранција

Ќе се организираат образовни кампањи и работилници за промоција на еднаквост, толеранција и меѓусебно почитување, со цел создавање инклузивна и хармонична заедница каде што сите граѓани се чувствуваат прифатено и вреднувано. Посебен акцент ќе се стави на училиштата, а со тоа ќе придонесеме за превенција од врсничко насилство, сајбер-булинг и слични девијантни појави.

**Извор на финансирање:** Општина Велес

**Рок на реализација:** 2025 – 2029 година

ВМРО-ДПМНЕ